# ФИЗИКАЛНА ТЕРАПИЈА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА

ЈЗУ Општа Болница Кавадарци
Назив на институција каде е спроведена едукацијата :
КБЦ ЗВЕЗДАРА БЕЛГРАД
Период  од 30.10.2016 до 25.11.216 г
Лице испратено на едукација:   Др Лидија  Ризова
Датум на презентацијата:   07.12.2016 г


СЛУЖБА ФИЗИКАЛНЕ
МЕДИЦИНЕ И
РЕХАБИЛИТАЦИЈЕ

Клиничко – болнички центар Звездара е изграден како поклон од белградски трговец Никола Спасиќ од 1935 г  најпрво како Градска Болница, наменета за лекување на сиромашни граѓани . Имала само Општо интерно одделение со 100 постели.
1963 год Англиската добротворна фондација   Sju Rajder на болницата и поклонува три павиљона со 123 легла за смештај на гиријатриски пациенти, што претставува почеток за развој на геронтологија  како нова медицинска наука .
Постојано се надградувала и усовршувала  и денес КБЦ Звездара претставува втор по големина  болнички центар во Белград и Србија со преку 1500 вработени, од кои 300 доктори и доктори специјалисти и капацитет  950 болнички легла.

**Службата за физикална медицина и рехабилитација** врши прием за амбулантно испитување, лекување и рехабилитација на пациенти , а вклучува и третмани на физикална терапија во рамките на Дневна болница.

Врши и консултативни прегледи на хоспитализирани болни од други оддлениа во во рамките на КБЦ Звездара  и по потреба на истите им вклучува рехабилитационен третман - рана рехабилитација.

Го прати развојот на на медицинските науки  и спроведува едукација за виши и средни физиотерапевти.

Кадровската структура е вкупно вработени се 25 од кои 6 лекари специјалисти, физијатри, 2 медицински сестри , 16 средни и виши физиотерапевти.1 техничар

Службата за физикална медицина и рехабилитација во својот состав има две единици

**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА АМБУЛАНТНИ АКТИВНОСТИ СО ДНЕВНА БОЛНИЦА-**--
прима на испитување и лекување пациенти на кои им е потребна амбулантна физикална терапија, а прима и за лекување пациенти во Дневна болница .
Во својата работа применува различни методи и процедури од областа на електротерапија, фототерапија, магнетотерапија, ултразвучна , ласер терапија, кинезитерапија и разни облици на масажа.. Спроведува физикална терапија со современа апаратура како и спроведува сите облици на дијагностички и функционални тестови во примена на кинезитераписки процедури .

Пациентите доаѓаат за амбулантна терапија со заверен упат од лекар во примарна здравствена заштита и важечка здравствена легитимација. Важноста на упатот е 6 месеци. По обавениот преглед кај специјалист, физијатар, пациентот закажува  физикална терапија која се обавува секој работен ден , освен викенд , од 07 – 19 часот во просториите на службата за физикална терапија и рехабилитација.

**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА РАНА РЕХАБИЛИТАЦИЈА-**---
врши рехабилитација на хоспитализирани пациенти, неподвижни или тешко подвижни на одделение за интензивна нега , ортопедија со трауматологија , хирургија, кардиологија, неврологија, пулмологија, геријатрија и др
Програмата за рана рехабилитација се одвива според протокол составен во склад со дадената патологија и има за цел да се превенираат компликации, инфекции, контрактури,( респираторен тренинг, дренажно позиционирање, позиционирање во кревет, вежби баланс во седечка и исправена положба ) и да се постигне рана мобилизација и рано функционално опоравување на пациентот како и скратување на болничкото лекување.
За секој пациент се прави индивидуален план на лекување и рехабилитација која секојдневно се прилагодува кон моментната состојба на пациентот.
Лекарите од различна специјалност, физијатарот и физиотерапевтот се во постојан меѓусебен контакт ,а со тимската работа и мултидисциплинарниот пристап се овозможува поскоро опоравување на пациентот.

**СУБАКУТНА РЕХАБИЛИТАЦИЈА** е продолжеток на акутната рехабилитација.  Подразбира стационарен рехабилитационен третман во установата каде пациентот е акутно збринет, но сеуште не е подготвен за упатување во установа за специјализирана  рехабилитација со обзир на тежината на болеста , потребата за додатни дијагностички процедури и неопходноста за понатамошен мултидисциплиниран пристап на болниот .

Понекогаш може да се очекува по рехабилитациониот третман во одделение за субакутна рехабилитација,пациентот  директно да биде упатен на амбулантна рехабилитација во рамки на Дневна болница или домашна рехабилитација.


Акутна состојба (општа болница,КЦ,)
Акутна рехабилитација
Специјална болница за
рехабилитација
Субакутна стационарна
рехабилитација или
амбулантна физикална
терапија- дневна болница
Амбулантна
рехабилитација
И домашно лекување